# 101. ДВАМА СЕ ЉУБЕЛЕ ВРЕМЕ ТРИ ГОДИНИ

Крај: Бегниште, Тиквеш
Пеел: Васил Илов
Роден: Бегниште, Тиквеш
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 245/2
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
25 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 06.06.1964.




Двама се љубеле време три години,
време три години и шест месеци.
Момината мајка, првата душманка.
Момето ми умре рано во сабота,
а ергенот умре рано во недела;
па ги закопаја пред црквенска врата;
на момата расте винова лоза,
на ергенот расте висока топола;
расле, расле, расле, па на врф се сплеле.

Забелешка: Интерполацијата во сите стихови е „џанам“. Ја среќаваме по цела Македонија. Текстот е даден во скратена форма, но претставува целина.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.